**Д-р Љирим Кадриу**[1]

# ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНСКИ ЛИЦА ОСУДЕНИ НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР И УПАТЕНИ НА ИЗВРШУВАЊЕ ВОСПИТНО-ПОПРАВНА МЕРКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.22-055.2:343.261]:343.811(497.711)**
**343.22-053.2-055.2:343.244]:343.811(497.711)**

**Апстракт**

Основниот фокус на овој труд е положбата на женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна затвор, децата од женски пол осудени на казна затвор или воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом, независно од висината на казната, како и женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна доживотен затвор, вклучително и женски лица странски државјани и женски лица без државјанство, а кои се упатуваат на издржување на казната во одделението за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово. Неспорно е дека сместувањето на сите овие категории женски лица во една единствена установа е во согласност со домашната регулатива, но, од друга страна, се поставува прашањето колку ваквиот систем за задржување лица ги постигнува основните цели на казнувањето и упатувањето на воспитно-поправна мерка, кои исто така се прецизно уредени со домашниот закон за извршување на санкциите, а тоа се ресоцијализација, реинтеграција и превоспитување, што, пак, се постигнува преку соодветен третман, соодветни услови за задолжително образование и воспитување, услови за стекнување и развивање позитивни навики, услови за активно користење на слободното време и сл. Следствено, недостигот на услови за исполнување на целите на казнувањето упатува на итната потреба од обезбедување установи од полуотворен и отворен вид каде што осудените лица од женски пол би се упатувале на издржување казна затвор, како и сосема нов објект за сместување на женските деца упатени на издржување воспитно-поправна мерка.

**Клучни зборови:** женски лица, казна затвор, воспитно-поправна мерка, неповолна положба, несоодветна установа.

## 1. Вовед

Казнено-поправниот и воспитно-поправниот систем во Република Северна Македонија е организиран во единаесет казнено-поправни установи за сместување лица за кои со правосилна судска пресуда е изречена казна затвор и два воспитно-поправни домови за сместување деца што се упатени на извршување воспитно-поправна мерка.

И покрај фактот за постоење на сите овие установи, женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна затвор, децата од женски пол осудени на казна затвор или воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом, независно

[1] Авторот е доктор по правни науки од областа на казненото право и криминологијата. Е-пошта: lirimkadriu83@gmail.com.
The author is a doctor of legal sciences in the field of criminal law and criminology. E-mail: lirimkadriu83@gmail.com.

од висината на казната, како и женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна доживотен затвор, вклучително и женски лица странски државјани и женски лица без државјанство, се упатуваат на издржување на казната во една единствена установа, а тоа е одделението за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово.

Имајќи го предвид податокот дека за распоредување осудени лица од женски пол во казнено-поправни установи, државата располага исклучиво со една установа, додека, пак, за распоредување осудени лица од машки пол во казнено-поправни установи постојат единаесет установи, дополнително и два објекта каде што се наоѓаат отворени одделенија, сам по себе укажува на тоа дека осудените лица од женски пол во нашата држава се доведени во нееднаква положба во однос на осудените лица од машки пол.

Исто така, согласно Законот за извршување на санкциите[2], Казнено-поправната установа Идризово е и воспитно-поправен дом за женски лица. Но, Казнено-поправниот дом Идризово е несоодветна установа за сместување деца затоа што нема услови за остварување на основната цел на упатувањето на издржување воспитна поправна мерка, а тоа е нивното превоспитување, кое се постигнува со соодветни методи за воспитна работа со детето, услови за задолжително образование и воспитување, услови за стекнување и развивање позитивни навики, услови за активно користење на слободното време и сл.

Покрај низата несоодветности на установата за задржување деца упатени на извршување воспитно-поправна мерка, не е за занемарување ниту фактот дека децата од женски пол упатени на издржување воспитно-поправна мерка во Казнено-поправната установа Идризово се доведени во дискриминирачка положба во однос на нивните врсници од машки пол, кои истата мерка ја издржуваат во Воспитно-поправниот дом Тетово, затоа што условите за живот во Воспитно-поправниот дом Тетово се подобри и условите за живот во Казнено-поправната установа Идризово и тие овозможуваат остварување на основната цел на упатувањето на издржување воспитно-поправна мерка.

Следствено, останува отворено прашањето, до кога женските лица во нашата држава, без оглед на тоа дали се осудени на казна затвор или упатени на извршување воспитна поправна мерка, ќе се задржуваат во една иста установа, т. е. Казнено-поправната установа Идризово, каде што условите за живот се под минималните стандарди за задржување лица и каде што задржаните женски лица континуирано се наоѓаат во понеповолна положба од задржаните лица од машки пол.

## 2. Правна рамка

Уставот на Република Северна Македонија[3] предвидува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Европските затворски правила[4] налагаат со сите лица лишени од слобода да се постапува со почитување на нивните човекови права, при што лицата лишени од слобода ги задржуваат сите права што не им се законито одземени со одлука со која се осудени или со која се задржуваат во притвор. Затворските услови што ги загрозуваат човековите права не може да се оправдаат со недостиг на материјални средства. Исто така, овие основни начела налагаат дека затворите треба да бидат уредени така што ќе овозможуваат реинтеграција и слободно друштво на лицата што биле лишени од

[2] Член 34 став 4 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[3] Член 9 од уставот на РСМ.
[4] Основни начела на Европски затворски правила усвоени од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа на 11.01.2006 година.

слобода, а животот во затворот да биде колку што е можно поприближен на позитивните аспекти на животот во заедницата.

Законот за извршување на санкциите[5] уредува дека правилата за извршување на санкциите се применуваат непристрасно, забранета е дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичките или други уверувања, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето спрема кое се извршува санкцијата, при што верските чувства, личното уверување и моралните норми на лицата спрема кои се извршуваат санкциите мора да се почитуваат.

Според членот 6 од Законот, со лицата спрема кои се извршуваат санкциите се постапува човечно, со почитување на човековата личност и достоинство, зачувување на нивното телесно и душевно здравје, водејќи притоа сметка за остварување на целите на одделни санкции.

Согласно Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените на Обединетите нации[6], дискриминација на жените ја означува секоја разлика, исклучување или ограничување во поглед на полот што има последица или цел да го загрози или да го оневозможи признавањето, остварувањето или вршењето од страна на жените на човековите права и основните слободи на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната брачна состојба, врз основа на рамноправност на мажите и жените.

Притоа, согласно членот 2 од Конвенцијата, државите членки ја осудуваат дискриминацијата на жените во сите видови, согласни се да ја спроведуваат, со сите соодветни средства што им стојат на располагање и без одлагање, политиката на отстранување дискриминација на жените, и за таа цел, меѓу другото, се обврзуваат да го внесат принципот на рамноправност на мажите и жените во своите национални устави или во соодветните закони доколку тоа веќе не го сториле, како и да обезбедат, со законски или со други соодветни мерки, практична примена на овој принцип; да усвојат соодветни законски и други мерки, вклучувајќи и санкции со кои се забрануваат сите видови дискриминација на жените; да воведат правна заштита на правата на жените врз рамноправна основа со мажите и преку надлежните национални судови и други јавни институции да обезбедат ефикасна заштита на жените од секоја постапка со која се врши дискриминација.

Државите членки ги преземаат во сите области, особено во политичката, општествената, економската и културната, сите погодни мерки, вклучувајќи ги и законодавните, со цел обезбедување целосен развој и напредок на жените за да им се гарантира остварување и уживање на правата на човекот и основните слободи рамноправно со мажите.

## 3. Казнено-поправни и виспитно-поправни установи во Република Северна Македонија

Казната затвор, мерката притвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во казнено-поправни и воспитно-поправни установи[7].

[5] Член 4 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[6] Член 1 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените на Обединетите нации.
[7] Член 33 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).

Казнено-поправниот систем во нашата земја функционира во мрежа од единаесет казнено-поправни установи, од кои четири казнено-поправни домови: Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом Штип, Казнено-поправен дом Прилеп и Казнено-поправен дом Струга, кој е казнено-поправен дом од отворен вид, и седум затвори: Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид – посебна установа во која се извршува казната затвор за деца, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово.

Воспитно-поправни установи се Воспитно-поправниот дом Тетово и воспитно-поправниот дом за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово[8].

Казнено-поправните и воспитно-поправните установи имаат својство на правно лице со своја раководна структура, односно со нив раководи директор што се именува и се разрешува од страна на Владата на Република Северна Македонија на предлог на директорот на Управата за извршување на санкциите. Согласно Законот за извршување на санкциите, директорот на установата е лично одговорен за законито, правилно и навремено извршување на функцијата на установата.

Надлежностите и начинот на работа на директорот на установата се уредени исто така со Законот за извршување на санкциите, согласно што „директорот го организира, го насочува и го координира извршувањето на работите и задачите и се грижи за нивното законито, ефикасно, навремено и квалитетно извршување, ја претставува и застапува ја установата, ги презема сите правни дејства во името и за сметка на установата, е должен да постапува по актите донесени во стручниот надзор, поднесува годишни програми и извештаи за работењето на установата до Управата, ги предлага актите за внатрешна организација и систематизација на установата до Управата, одговорен е за финансиската политика на установата со донесување финансиски план и план за јавни набавки, одлучува за погодностите и обврските на осудените лица, нивниот третман и работен ангажман со цел ресоцијализација и нивна понатамошна социјална интеграција во општествениот живот, се грижи за остварување на правата на осудените и притворените лица и врши други работи определени со закон“.[9]

Осудените лица се распоредуваат во различни установи за извршување на казната затвор. Положбата на осудените лица и начинот на постапување кон осудените лица се определени согласно одредбите од Законот за извршување на санкциите, како и во согласност со судската одлука, па оттука:

- Машките и женските осудени лица, казната затвор ја издржуваат одвоено;
- Осудените лица што за првпат издржуваат казна затвор се одвојуваат посебно од осудените лица во поврат (повратници);
- Казната затвор за деца се извршува одвоено од полнолетните лица осудени на казна затвор;
- Лицата што извршуваат мерка притвор се одвојуваат од лицата што ја издржуваат казната затвор; и
- Лицата што издржуваат казна доживотен затвор се сместуваат одвоено од останатите осудени лица.[10]

Воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во воспитно-поправни домови. Одделни категории лица може да ја издржуваат воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во посебни одделенија на воспитно-поправните домови. Децата според полот се сместуваат во посебни домови, а може да бидат сместени во еден дом, но одвоено[11].

[8] Член 34 став 4 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[9] Член 31 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[10] Член 17 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[11] Член 40 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).

## 4. КПУ, КПД, ВПД Идризово

Министерот за правда со општ акт врши распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи[12]. Оттука, од страна на Министерот за правда е донесено Решение за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи[13]. Согласно ова решение, женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна затвор, децата од женски пол се осудени на казна затвор или воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом, независно од висината на казната, како и женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна доживотен затвор, вклучително и женски лица странски државјани и женски лица без државјанство, се упатуваат на издржување на казната во одделението за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово.

Како заклучок на погоре наведеното, женските лица во Република Северна Македонија, кои се осудени на казна затвор, независно од возраста, независно од видот на делото за кое се осудени, независно од висината на изречената казна затвор, казната ја издржуваат во единствена установа, во еден ист објект – одделението за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово.

Според погоре изнесеното, вреди да потсетиме и на фактот дека согласно Законот за извршување на санкциите[14], како и во согласност со погоре цитираното Решение, Казнено-поправната установа Идризово, покрај установа за издржување на сите видови казни затвор за женски лица, истовремено има улога и на воспитно-поправен дом за женски лица.

## 4. Положбата на женските лица сместени во Казнено-поправната установа Идризово

Казнено-поправната установа Идризово во Скопје е единствен објект во државата каде што се сместуваат женски лица, без оглед на тоа дали се осудени на издржување казна затвор или, пак, се упатени на извршување воспитно-поправна мерка.

Пред сè, фактот дека за распоредување осудени лица од женски пол во казнено-поправни установи државата располага исклучиво со една установа, додека, пак, за распоредување осудени лица од машки пол во казнено-поправни установи постојат единаесет установи, дополнително и две отворени одделенија во составот на Казнено-поправниот дом Идризово и Затвор Куманово, сам по себе укажува на тоа дека осудените лица од женски пол во нашата држава се доведени во нееднаква положба во однос на осудените лица од машки пол.

Понатаму, имајќи предвид дека осудените лица од женски пол може да ја издржуваат казната затвор исклучиво во Казнено-поправниот дом Идризово, која е установа од затворен вид, женските осуденички се повторно доведени во дискриминирачка положба во однос на машките осудени лица. Имено, осудените лица од машки пол, по издржување на дел од казната и исполнување на законски

---

[12] Член 34 став 5 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[13] Решение за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи бр. 02-314/1 од 16.06.20202 година, донесено од Министерот за правда.
[14] Член 34 став 4 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).

пропишаните услови, имаат можност за преместување во друга установа од полуотворен или отворен вид.

Дискриминирачката положба на осудените лица од женски пол особено добива „тежина“ во услови кога станува збор за законската можност на осудените лица, согласно членот 223 од Законот за извршување на санкциите, за преместување на натамошно издржување на казната затвор од една во друга установа од ист или различен вид. Имено, согласно содржината на оваа одредба, осуденото лице на свое барање или по предлог на директорот на установата, може да биде преместено на натамошно издржување на казната затвор во друга установа поради безбедносни причини, поради преполн капацитет во установата, поради рационалност на судската постапка што се води против осуденото лице за време на издржувањето на казната затвор пред суд надвор од седиштето на установата каде што ја издржува казната, поради неопходна соодветна здравствена заштита, образование или други третмански потреби, или за да биде поблиску до живеалиштето или престојувалиштето на неговото семејството.

Оттука, јасно е препознатливо дека законската можност – преместување осудено лице од една во друга установа воопшто не е применлива за осудените лица од женски пол. Ваквата состојба не само што ги доведува осудените лица од женски пол во дискриминирачка положба во однос на лицата од машки пол, туку истовремено тие се исклучени од законската можност, при услови на загрозена безбедност во установата каде што ја издржуваат казната затвор, да бидат префрлени во друга, побезбедна средина за нив.

Осудените лица од женски пол во нашата држава исто така се исклучени и од можноста, кога поради преполн капацитет на установата нема услови за нормално и безбедно извршување на казната, да бидат преместени во соодветна установа.

Исто така, осудените лица од женски пол се исклучени и од законската можност да ја извршуваат казната затвор во установа што се наоѓа поблиску до нивните семејства, а тоа негативно влијае и врз правото на осудените лица за остварување контакти со надворешниот свет, односно посети од страна на членовите на семејството.

Доколку се погледне на положбата на женските лица упатени на воспитно-поправна мерка во нашата држава, можеби состојбата ќе се окарактеризира како уште понесоодветна. Имено, неспорно е дека согласно членот 34 став 4 од Законот за извршување на санкциите, Казнено-поправната установа Идризово е воспитно-поправен дом за женски лица, но оваа установа, по повеќе основи, не е соодветно место за упатување деца на извршување воспитно-поправна мерка.

Пред сè, децата од женски пол сместени во Казнено-поправната установа Идризово не посетуваат никаква образовна настава, не се оспособуваат за работни занимања, не се занимаваат со физичка култура и спорт, ниту, пак, установата има можност да обезбеди услови за доследно остварување на овие законски обврски регулирани во Законот за извршување на санкциите[15].

Имено, согласно Законот за извршување на санкциите[16], на децата им се обезбедуваат услови за основно и средно образование, за стекнување и развивање позитивни навики и вредносни особини и за работно остручување и оспособување за одделни занимања. Понатаму, на децата во воспитно-поправниот дом им се обезбедуваат услови за активно користење на слободното време со културни, забавни и спортски активности.

[15] Годишен извештај на Народниот правобранител 2022 година.
[16] Член 347 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).

Исто така, на децата во воспитно-поправниот дом треба да им се обезбедат услови за физичка култура и спорт, а најмалку два часа дневно треба да има културно-забавни активности[17].

Во однос на правото на образование и квалитетно користење на слободното време за децата упатени на извршување воспитна мерка, недвосмислени се и одредбите од Правилникот за куќен ред за децата што издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, а недвосмислено јасно е и дека нема можност тие да бидат применети во Казнено-поправната установа Идризово.

Понатаму, за децата од женски пол сместени во Казнено-поправната установа Идризово не постојат услови за доследно обезбедување на здравствената заштита, со оглед на тоа што ординацијата на одговорното медицинско лице во Казнено-поправната установа Идризово се наоѓа во „затворениот дел“ од машкиот дел на установата. Оттука, нејасно е како лекарот им врши медицински прегледи на женските деца во услови кога во одделот каде што се тие сместени воопшто нема медицинска ординација, ниту, пак, медицинска опрема. Исто така, се поставува и прашањето на кој начин на децата од женски пол сместени во женскиот оддел на Казнено-поправната установа Идризово им се обезбедуваат стоматолошките услуги? Дали при потреба од стоматолошка интервенција кај овие деца се прекршуваат повеќе законски одредби, вклучително и одредбите што забрануваат контакти на децата упатени на воспитна мерка со возрасни осудени лица?[18]

Имајќи ги предвид одредбите од Правилникот за куќен ред за децата што издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, согласно членот 45, децата имаат право на здравствена заштита и им се обезбедува потребната медицинска помош според општите услови за лекување. Согласно членот 46 став 4 од истиот акт, здравствената заштита се дава во амбулантата на установата.

Исто така, децата од женски пол упатени на издржување воспитно-поправна мерка во Казнено-поправната установа Идризово се изложени на контакти со возрасни осуденички што издржуваат казна затвор, а тоа, несомнено, може штетно да влијае врз децата и да го попречи остварувањето на процесот на нивно превоспитување.

Во установата се направени обиди за одвојување на децата од возрасните осудени лица на тој начин што децата се физички преместени во изолиран дел во женскиот оддел на установата. Но, преместувањето на децата во друг дел од истиот објект во установата не е соодветно решение поради тоа што повторно, секојдневно при „подигнувањето“ на оброците од кујната, како и при користењето на двочасовното слободно време на воздух во дворот на установата, децата се изложени на контакти со осуденичките, а тоа често било проследено и со заплашувања и закани упатени кон нив од страна на осуденичките.[19]

Исто така, не треба да се заборави ниту на законската одредба уредена со членот 20 од Законот за извршување на санкциите, каде што е наведено дека на децата треба да им се обезбедат услови што ќе ги заштитат од штетното влијание врз други осудени лица.

Понатаму, условите за живот во делот од установата каде што децата од женски пол се сместени не ги задоволуваат минималните посакувани стандарди за простории за задржување лица. Видливата влага на ѕидовите во просторијата во која „живеат“ децата, недостигот на греење, честиот недостиг на топла вода за капење се дел од елементите

[17] Член 354 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[18] Годишен извештај на Народниот правобранител 2022 година.
[19] Ibid.

што укажуваат на несоодветни услови за сместување, особено имајќи предвид дека станува збор за двојно ранлива категорија лица, односно женски малолетни деца[20].

И, на крајот, не е за занемарување ниту податокот дека децата од женски пол упатени на издржување воспитно-поправна мерка во Казнено-поправната установа Идризово се дискриминирани во однос на нивните врсници од машки пол, кои истата мерка ја издржуваат во Воспитно-поправниот дом Тетово. Имено, машките деца упатени на издржување воспитно-поправна мерка се сместени во установа во која условите за живот се подобри, постојат можности за спроведување образовни и креативни активности, постојат соодветни услови за развивање позитивни навики и квалитетно користење на слободното време. Оттука, изнесената состојба со целокупните услови за живот и престој во Казнено-поправната установа Идризово упатува на дискриминација на децата од женски пол во однос на нивните врсници од машкиот пол.

Имајќи ги предвид сите изнесени наводи, несомнено е дека Казнено-поправниот дом Идризово е несоодветна установа за сместување деца поради тоа што нема услови за остварување на основната цел на упатувањето на издржување воспитно-поправна мерка, а тоа е нивното превоспитување, кое се постигнува со соодветни методи за воспитна работа со детето, услови за задолжително образование и воспитување, услови за стекнување и развивање позитивни навики, услови за активно користење на слободното време и сл.[21]

**Заклучок**

Несомнено, согласно законската регулатива во нашата држава, женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна затвор, децата од женски пол осудени на казна затвор или воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом, независно од висината на казната, како и женските лица што се осудени со правосилна пресуда на казна доживотен затвор, вклучително и женски лица што се странски државјани и женски лица без државјанство, се упатуваат на издржување на казната во одделението за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово.

Исто така, неспорно е дека согласно членот 34 став 4 од Законот за извршување на санкциите, Казнено-поправната установа Идризово е назначена за воспитно-поправен дом за женски лица. Но, сите погоре изнесени наводи укажуваат на потребата од итно наоѓање решение за надминување на состојбата во врска со дискриминирачката положба на осудените лица од женски пол што се упатени на издржување на казната затвор во одделението за женски лица во Казнено-поправниот дом Идризово, како и на обезбедување друга соодветна установа за сместување на децата од женски пол упатени на воспитно-поправна мерка поради несоодветноста на установата за сместување деца, поради тоа што постојната установа нема услови за остварување на основната цел на упатувањето на издржување воспитно-поправна мерка, а тоа е нивното превоспитување, кое се постигнува со соодветни методи за воспитна работа со детето, услови за задолжително образование и воспитување, услови за стекнување и развивање позитивни навики, услови за активно користење на слободното време и сл.

Оттука, во насока на обезбедување еднаков пристап во издржувањето на казната затвор во казнено-поправните установи за сите осудени лица, без оглед на нивниот пол, препорачливо би било да се преземат соодветни мерки и дејства за адаптирање, реконструкција или конструкција на установи од полуотворен и отворен вид каде што осудените лица од женски пол би се упатувале на издржување казна затвор.

[20] Годишен извештај на Народниот правобранител 2022 година.

[21] Член 347 став 2 и став 4 од Законот за извршување на санкциите.

Додека, пак, во однос на заштитата на правата на женските лица упатени на воспитно-поправна мерка, препорачливо е да се преземат соодветни мерки за женските деца упатени на издржување воспитно-поправна мерка да се преместат во објектот на Воспитно-поправниот дом Тетово на тој начин што ќе бидат соодветно одвоени во посебен дел од истиот објект или, пак, за нив да биде обезбеден сосема нов објект со услови за сместување согласно домашните и меѓународните стандарди за установи за задржување деца упатени на извршување воспитно-поправна мерка.

Во „поддршка“ на наведеното се и одредбите од членот 40 став 3 од Законот за извршување на санкциите, каде што е наведено дека децата, според полот, може да бидат сместени во еден дом, но одвоено. Во иста насока е и препораката од 24-от Генерален извештај на Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување, објавена во 2015 година, според која се препорачува дека машки и женски малолетници што се сместени во иста институција треба да бидат сместени одвоено во посебни единици, но може да се здружуваат за организирани активности во текот на денот, под соодветен надзор.

**Користена библиографија:**


1. Стандардите на Европскиот комитет за спречување тортура, односно мачење, нечовечно и понижувачко постапување или казнување;
2. В. Проевски, Збирка на прописи за извршување на санкциите со коментар, „Службен весник на СРМ“, Скопје, 1981 година;
3. Сулејманов, Зоран, (1998), „Коментар на Законот за извршување на санкциите“, Скопје;
4. Устав на Република Северна Македонија;
5. Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019);
6. Правилник за куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020);
7. Правилник за куќен ред за децата што издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом;
8. Европските затворски правила;
9. Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените на Обединетите нации;
10. Стандардни минимални правила за постапување со затворениците на Обединетите нации (Правила на Нелсон Мендела), Резолуција усвоена од Генералното собрание на 17 декември 2015 година (согласно извештајот на третиот комитет (A/70/490)). [United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules) Resolution adopted by the General Assembly on 17 December 2015 [on the report of the Third Committee (A/70/490)]. Accessed on 17.4.2018;
11. Препораката од 24-от Генерален извештај на Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување, објавена во 2015 година;
12. The Committee of Ministers of Council of Europe R (82) 16, Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 1982 at the 350th meeting of the Ministers' Deputies;
13. Годишен извештај на Народниот правобранител 2022 година;
14. Решение за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи бр. 02-314/1 од 16.06.2020 година, донесено од Министерот за правда;
15. https://pravda.gov.mk/;

16. https://biroescp.gov.mk/;
17. https://uis.gov.mk/;
18. http://www.ohchr.org/;
19. https://www.coe.int/;
20. http://maclc.mk/;
21. https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=basictexts&c;
22. https://echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=home;
23. https://www.coe.int/en/web/cpt/standards;
24. https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c;
25. https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22]};
26. https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-219203%22]};
27. https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22]};
28. https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf.

**Dr. Lirim Kadriu**

# THE POSITION OF FEMALE PERSONS SENTENCED TO SERVE A PRISON SENTENCE AND REFERRED TO EXECUTION OF EDUCATIONAL CORRECTIVE MEASURES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract**

The main focus of this paper is the position of women who have been sentenced to a prison sentence, female children sentenced to a prison sentence or an educational correctional measure, referral to an educational correctional facility, regardless of the amount of the sentence, as well as women who are convicted by a final sentence of life imprisonment, including women who are foreign citizens and women without citizenship, and who are sent to serve their sentences in the department for women in the penitentiary - correctional facility Idrizovo.

It is indisputable that the placement of all these categories of women in a single institution is in accordance with domestic regulations, but on the other hand, the question arises as to how much this system of holding people achieves the basic goals of punishment and referral to an educational correctional measure, which are also precisely regulated by the domestic law for the execution of sanctions, namely resocialization, reintegration and re-education, which in turn is achieved through appropriate treatment, appropriate conditions for compulsory education and upbringing, conditions for acquiring and developing positive habits, conditions for active use of free time, etc.

Consequently, the lack of conditions for fulfilling the goals of punishment points to the urgent need to provide semi-open and open institutions where female convicts would be sent to serve their prison sentences, as well as a completely new facility for the accommodation of women children sent to undergo an educational correctional measure.

**Keywords**: female persons, prison sentence, educational correctional measure, disadvantageous position, inappropriate institution